9

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за меѓународна правна соработка

Бр. 14-2196/2

Скопје, 28. 10. 2020 година

Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

**ДО**
**ФОНДАЦИЈА**
**ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕДМЕТ: МИСЛЕЊЕ по Предлог-иницијатива за годишна програма на Владата за 2020 година**

Почитувани,

Во врска со Вашата Предлог-Иницијатива за Годишната програма на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, со наслов: "Унапредување на политиките за интегритет", доставена до Генералниот секретаријат на Владата – Одделение за соработка со невладини организации, Министерството за правда ве информира за следното:

- Во однос на активностите кои се однесуваат на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Насоките за управување со ризик од измама и корупција – истите се во надлежност на Министерството за финансии;
- Во однос на активноста која се однесува на Законот за заштита на укажувачи а со која се предлага интервенција во членот 4 на овој Закон во насока на воведување на јасна обврска за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи – во тек се активности за проценка на усогласеноста на Законот за заштита на укажувачи со Директивата 2019/1937 на Европскиот парламент и Советот од 23 октомври 2019 за заштита на лицата кои пријавуваат повреди на правото на ЕУ. При тоа, предложената активност ќе биде земена во предвид.
- Во однос на активноста која се однесува на подготовка на подзаконски акти кои ги дефинираат и систематизираат политиките и законите кои го сочинуваат системот на интегритет – во надлежност на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за меѓународна правна соработка

Министерството за правда се Законот за спречување на корупција и судир на интереси и Законот за заштита на укажувачи. Притоа, подзаконските акти на Законот за спречување на корупција и судир на интереси се во надлежност на Државната комисија за спречување на корупција а став на Министерството за правда е дека истите треба да се подготват и усвојат што поскоро. Позаконските акти на Законот за Заштита на укажувачи (Правилник за заштитено надворешно пријавување, Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор) се во надлежност на Министерството за правда и истите се усвоени и објавени во 2016 г. (Службен весник бр. 46 од 08.03.2016 г.).

Воедно, Министерството за правда, како една од институците кои имааат надлежности на планот на борбата против корупцијата и, пред сè, координатор на активностите со ГРЕКО, ги поддржува сите иницијативи и заложби кои се во насока на јакнење на системот за превенција на корупцијата и судирот на интереси што опфаќа и воведување на политики на интегритет во јавниот сектор.

Со почит,

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје-Shkup

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
**-Генерален секретаријат на ВРСМ**

Подготвил: Елена Саздов, Советник

Проверил: Мимоза Киковска Стојменова , Државен советник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828